РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕЛС ОПШТИНА ПРОБИШТИП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

# П Л А Н

## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Пробиштип, декември 2020

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО (се наведува тековната година)

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии *(внесете ја тековната година)*

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на член 40, став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/09, 188/13 и 192/15) и член 2 и 4 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија” бр.136/10), раководителот на секторот/одделението за внатрешна ревизија го донесе следниот:

# П Л А Н

# ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Годишниот план за 2021 година е составен на темел на Стратешкиот план за 2021-2023 година кој е усвоен од страна на Градоначалникот на општина Пробиштип.
Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија кои се однесуваат на остварување на целите на единицата за внатрешна ревизија врз основа на Стратешкиот план за 2021-2023 година, одредени се целите, опсегот и ресурсите кои се потребни за реализирање на секоја оддел на ревизија за 2021година.
Во случај на потреба, а поврзано со некои значајни промени кои можат да настанат во текот на годината и кои влијаат на текот на активностите на единицата за внатрешна ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја измена на Годишниот план ја одобрува Градоначалникот.

## 2. УСОГЛАСЕНОСТ ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

Поединечните ревизии планирани за 2021 година се усогласени со усвоениот Стратешки план за ревизија за 2021-2023 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во Стратешкиот и Годишниот план е прикажан на следната табела:

**Табела 1: Врска помеѓу ревизиите планирани во Старатешкиот и Годишниот план**

| Приоритетни подрачја ревидирани во првата година во Стратешкиот план | Планирани ревизии во тековната година |
|---|---|
| Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ | Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ |
| Ревизија на работењето на Дом на култура „Злетовски рудар„-Пробиштип | Ревизија на работењето на Дом на култура „Злетовски рудар„-Пробиштип |
| Ревизија на процесот на попис во ЈКП„Никола Карев„ | Ревизија на процесот на попис во ЈКП„Никола Карев„ |
| Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ | Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ |

2.1.Активности поврзани за остварување на целите на внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија ќе биде спроведена преку следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели:

**Табела 2: Активности поврзани за остварување на целите на Единицата за внатрешна ревизија**

| Бр. | Цели на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирани поединечни ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на работењето на ревидираните субјекти и зајакнување на системот на контрола. | Извршување на поединечни ревизии | 1.Ревизија на процесот на следење на договорите и набавките под прагот за спроведување на јавните набавки<br>2. Ревизија на процесот на издавање на одобренија за градба и процесот на легализација.<br>3. Ревизија на работењето на Одделението за ЛЕР |
| 2. | Зајакнување на капацитетот на Одделението за Внатрешна ревизија | Техничко опремевање во смисла на лап топ скенер и сл.Континуирано одење на обуки заради следење на сите промени во областите кои се предмет на ревидирање | |
| 3. | Зајакнување на контролата за спроведување на препораките по дадени наоди од извршени ревизии | Проверка на спроведувањето на препораките согласно роковите во акциониот план | Ревизија на спроведување на препораките дадени во спроведените ревизии во 2020 година |

Спроведувањето на активностите од Годишниот план ќе допринесе за остварување на целите на ревизијата, односно за усмерување на работата на внатрешната ревизија.

## 3. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2021 ГОДИНА

### 3.1. Поединечни ревизии во 2021 година

Единицата за внатрешната ревизија во текот на 2021 година ќе спроведе поединечни ревизии со цел реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2020-2022 година како што е дадено во прилог:

| | |
|---|---|
| Назив на ревизијата: | Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ |
| Висина на ризикот: | висок |
| Цели на ревизијата: | Да се добие уверување дека Ревидираните субјекти имаат превземено мерки за спроведување на препораките и дека нивното спров едување ја подобрило ефикасноста и ефективноста на работењето на ревидиринати субјекти. |
| Опфат на ревизијата : | работењето на ООУ„Никола Карев„ |
| Организациски единици вклучени во ревизијата: | ООУ„Никола Карев„ |
| Надлежни институции | ООУ„Никола Карев„ |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |
| Назив на ревизијата: | Ревизија на работењето на Дом на култура „Злетовски рудар„-Пробиштип |
| Висина на ризикот: | висок |

| | |
|---|---|
| Цели на ревизијата: | Да се добие уверување дека Ревидираните субјекти имаат превземено мерки за спроведување на препораките и дека нивното спров едување ја подобрило ефикасноста и ефективноста на работењето на ревидиринати субјекти. |
| Опфат на ревизијата : | работењето на Дом на култура „Злетовски рудар„-Пробиштип |
| Организациски единици вклучени во ревизијата: | Дом на култура „Злетовски рудар„ |
| Надлежни институции | Дом на култура „Злетовски рудар„ |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |

| | |
|---|---|
| Назив на ревизијата: | Ревизија на процесот на попис во ЈКП„Никола Карев„. |
| Висина на ризикот: | Висок |
| Цели на ревизијата: | Да се добие уверување дека пописот е извршен согласно законската регулатива |
| Опфат на ревизијата : | процесот на попис |
| Организациски единици вклучени во ревизијата: | ЈКП„Никола Карев„. |
| Надлежни институции | ЈКП„Никола Карев„. |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |

| | |
|---|---|
| Назив на ревизијата: | Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ |
| Висина на ризикот: | висок |
| Цели на ревизијата: | Да се добие уверување дека работењето е согласно законската регулатива,дека финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата ,дека финкционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат економично и ефикасно |
| Опфат на ревизијата : | работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ |
| Организациски единици вклучени во ревизијата: | СОУ„Наум Наумовски Борче„ |
| Надлежни институции | СОУ„Наум Наумовски Борче„ |
| Ревизорски методи: | Теренска работа, преглед и анализа на документација, интервјуа |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени по следниот распоред:

**Табела 3: Годишен план на ревизијата-приказ по месеци**

| **Назив на ревизијата** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на работењето на ООУ„Никола Карев„ | → | → | → | | | | | | | | | |
| Ревизија на работењето на Дом на култура „Злетовски рудар„-Пробиштип | | | | → | → | → | | | | | | |
| Ревизија на процесот на попис во ЈКП„Никола Карев„. | | | | | | | → | → | → | | | |
| Ревизија на работењето на СОУ„Наум Наумовски Борче„ | | | | | | | | | | → | → | → |

### 3.1. Останати активности на внатрешната ревизија

Освен претходно наведените активности, внатрешниот ревизор планира и спроведување на други активности:
1. Изготвување на Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните котроли за 2020 година;
2.Континуирано следење на законската регулатива;
3.Посета на обуки .
4.Следење на спроведувањето на препораките и на ефектите од нивната реализација;
5. Ажурирање на Стратешкиот и изготвување на Годишниот план за следната година,
6. Спроведување на вонредни (ад хок) ревизии кои не се планирани во годишниот план за 2019 година, а за кои ќе се појави потреба по барање на раководното лице
7.Соработка со сите институции во надлежност на Општината , учество на колегиумите на раководството во советодавна улога
8. Соработка со ДЗР и Единицата за хармонизација на внатрешната ревизија во Министерството за Финансии.
9..Организација на квартални/полугодишни состаноци и сл.

## 4. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината

Можен број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во ЕВР.

*Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2021 година*

| | |
|---|---|
| Вкупен број на денови во годината | 365 |
| Вкупен број на неработни денови (празници) | 16 |
| Вкупнен број на неработни викенд денови | 104 |
| Вкупно работни денови во годината | 245 |
| Вкупен број на неработни денови од годишен одмор | 24 |
| Нарачани ревизии и непредвидени настани 15% | 38 |
| Изработка на планови, стручно мислење, совети, состаноци 10% | 25 |
| Вкупен број на денови за обука | 10 |
| Вкупно ревизорски денови во годината | 148 |

Задачите на ревизијата и потребните денови се доделуваат на активностите во Годишниот план како што следува:

*Табела 5: Пресметка на потребното времето за ревизорските активсности во 2021година*

| | |
|---|---|
| Вкупен број денови потребни за реализација на планираните ревизии по еден внатрешен ревизор | 148 |
| Просечен број на денови за извршување на поединечна ревизија | 37 |
| Број на планирани ревизии за 2021година | 4 |

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите од овој Годишен план.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Планираните активности во рамки на Годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон остварување на детерминираните цели.Имено, доволна потврда за тоа е фактот што истите се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.

Датум:15.12.2020

| | |
|---|---|
| Советник-овластен внатрешен ревизор | Градоначалник |
| Билјана Ефтимова | Драган Анастасов |
| ______________________ | ____________________ |